Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ број 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11), член 21 став 1 и 2 и член 22 став 1 од Законот за средно образование (“Службен весник на Република Македонија“ број 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15 и 98/15), министерот за образование и наука ја донесе изборната Наставна програма по ***алтернативни форми во туризмот*** за ***IV година,*** угостителско-туристичка струка, образовен профил угостителски техничар за рурален туризам на четиригодишното средно стручното образование.

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**
**ЦЕНТАР ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА**

**НАСТАВНА ПРОГРАМА**

# *АЛТЕРНАТИВНИ ФОРМИ ВО ТУРИЗМОТ*

**IV година**

***- ИЗБОРНА -***

***УГОСТИТЕЛСКО-ТУРИСТИЧКА СТРУКА***

***Угостителски техничар за рурален туризам***

Центар за стручно образование и обука

**Скопје, 2015 година**

## 1. ИДЕНТИФИКАЦИСКИ ПОДАТОЦИ

**1.1. Назив на наставниот предмет:** АЛТЕРНАТИВНИ ФОРМИ ВО ТУРИЗМОТ

**1.2. Образовен профил, струка и времетраење на образованието**
**1.2.1. Образовен профил**: угостителски техничар за рурален туризам
**1.2.2 Струка:** угостителско-туристичка
**1.2.3. Времетраење на образованието:** четири години

**1.3. Диференцијација на наставниот предмет**
**1.3.1.** Карактеристичен за образовниот профил

**1.4. Година на изучување на наставниот предмет**
**1.4.1.** Четврта

**1.5. Број на часови на наставниот предмет**
**1.5.1. Број на часови неделно**: 2 часа
**1.5.2. Број на часови годишно**: 66 часа

**1.6. Статус на наставниот предмет**
**1.6.1.** Изборен

## 2. ЦЕЛИ НА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ

**2.1.** Општа цел на наставата по изборниот наставен предмет ***алтернативни форми во туризмот*** е учениците да стекнат знаења за различните видови и форми на алтернативен туризам.

**2.2.** Посебни цели:

По совладување на наставната програма по предметот ***алтернативни форми во туризмот*** како изборен наставен предмет, ученикот стекнува знаења и се оспособува:

- да ги дефинира алтернативните форми во туризмот;
- да ги препознава карактеристиките на алтернативниот туризам;
- да ги разликува видовите алтернативен туризам;
- да ги објасни и да ги наброи главните обележја на едукативниот туризам;
- да дискутира за видовите едукативен туризам;
- да ја анализира инфраструктурата за развој на наутичкиот туризам;
- да ги идентификува и да ги класифицира основните видови креативен туризам;
- да ги опишува социјалните и економските ефекти од пристапниот туризам за туристичките дестинации;
- да ги наведува можностите на Република Македонија за развој на воениот туризам;
- да ги дефинира карактеристиките на кампинг-туризмот;
- да елаборира за потенцијалите на Република Македонија за развој на велосипедскиот туризам.

## 3. ПОТРЕБНИ ПРЕТХОДНИ ЗНАЕЊА

За совладување на содржините од наставниот предмет ***алтернативни форми во туризмот*** како изборен предмет, потребно е учениците да поседуваат претходни знаења од областа на основи на угостителството и туризмот, туристичка географија, економија на туризам, организација на услуги на сместување и послужување, национална гастрономија и природни реткости на Република Македонија.

## 4. ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС

### 4.1. Структура на содржините за учење

| Тематски целини | Број на часови | Конкретни цели | Дидактички насоки | Корелација помеѓу тематските целини и предметите |
|---|---|---|---|---|
| **1. ПОИМ, ДЕФИНИРАЊЕ И ВИДОВИ АЛТЕРНАТИВЕН ТУРИЗАМ - ЕДУКАТИВЕН ТУРИЗАМ** | **22** | *Ученикот:*<br>– да ги дефинира алтернативните форми во туризмот;<br>– да ги препознава карактеристиките на алтернативниот туризам;<br>– да ги разликува видовите алтернативен туризам;<br>– да ги препознае и да ги наброи главните обележја на едукативниот туризам;<br>– да ги дискутира историските аспекти на едукативниот туризам;<br>– да ги објасни видовите едукативен туризам;<br>– да го објаснува развојот на едукативниот туризам во Европа и во светот;<br>– да ги препознава | – Демонстрирање различни принципи и критериуми за одредување на алтернативните видови туризам;<br>– претставување на карактеристиките на алтернативниот туризам;<br>– давање приказ за видовите алтернативен туризам;<br>– анализа на историските аспекти на едукативниот туризам; | – Поврзаност со останатите наставни предмети со слични или сродни наставни содржини;<br>– теренска настава. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | потенцијалите за развој на едукативниот туризам во Република Македонија. | – приказ на главните видови едукативен туризам;<br>– приказ на состојбата на едукативниот туризам во Европа, во светот и во Република Македонија. | |
| **2. КРЕАТИВНИОТ, НАУТИЧКИОТ И ПРИСТАПНИОТ ТУРИЗАМ КАКО АЛТЕРНАТИВНИ ФОРМИ НА ТУРИЗМОТ** | **22** | *Ученикот:*<br>– да го дефинира креативниот туризам;<br>– да дискутира за видовите креативен туризам;<br>– да ги набројува туристичките мотиви за учество во креативниот туризам;<br>– да ги опишува компонентите на креативниот туристички производ;<br>– да елаборира за меѓународните искуства поврзани со креативниот туризам;<br>– да го дефинира наутичкиот | – Презентирање на креативниот туризам и неговите видови;<br>– приказ на туристичките мотиви за учество во креативниот туризам;<br>– презентирање на компонентите на креативниот туристички производ;<br>– опишување на развојот на наутичкиот | – Поврзаност со останатите наставни предмети со слични или сродни наставни содржини;<br>– теренска настава. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | туризам;<br>– да го објаснува развојот на наутичкиот туризам во Европа и во светот;<br>– да проценува и да даде заклучок за состојбата на наутичкиот туризам во Република Македонија;<br>– да ја анализира инфраструктурата за развој на наутичкиот туризам;<br>– да го дефинира пристапниот туризам;<br>– да ги препознава учесниците во пристапниот туризам: лица со посебни потреби, пристапни објекти и дестинации, законска регулатива;<br>– да елаборира за социјалните и за економските ефекти од пристапниот туризам за туристичките дестинации. | туризам во Европа и во светот;<br>– демонстрирање фотографии, интернет-страници и филмови што се поврзани со наутичкиот туризам;<br>– презентирање на пристапниот туризам, учесниците во овој вид туризам и презентирање на социјалните и економските ефекти од пристапниот туризам;<br>– организирање теренска настава. | |
| **3. ВОЕНИОТ, ВЕЛОСИПЕДСКИОТ И КАМПИНГ-ТУРИЗМОТ КАКО АЛТЕРНАТИВНИ ФОРМИ НА ТУРИЗМОТ** | **22** | *Ученикот:*<br>– да го дефинира воениот туризам; | – Објаснување на дефинициите за воениот туризам; | – Поврзаност со останатите наставни предмети со |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | – да ги идентификува и да ги класифицира основните видови воен туризам;<br>– да ги опишува меѓународните искуства поврзани со воениот туризам;<br>– да ги анализира потенцијалите на Република Македонија за развој на воениот туризам;<br>– да го дефинира велосипедскиот туризам и неговиот развој;<br>– да ги објаснува карактеристиките на велосипедскиот туризам;<br>– да ги опишува факторите за развој на велосипедскиот туризам;<br>– да ги наведува можностите на Република Македонија за развој на велосипедскиот туризам;<br>– да ги дефинира карактеристиките на кампинг-туризмот;<br>– да ги препознава | – опишување на основните видови воен туризам;<br>– презентирање меѓународни искуства поврзани со воениот туризам;<br>– приказ на велосипедскиот туризам;<br>– демонстрирање фотографии, интернет-страници и филмови поврзани велосипедскиот туризам. | слични или сродни наставни содржини;<br>– теренска настава, посета на воен музеј, на велосипедски патеки. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | предностите и недостатоците на кампинг-туризмот;<br>– да елаборира за развојот на кампинг-туризмот во Република Македонија. | | |

### 4.2. Наставни методи и активности на учење

Согласно со целите на наставната програма по наставниот предмет ***алтернативни форми во туризмот*** како изборен предмет, наставникот користи општопознати педагошко-психолошки и дидактичко-методски методи и активни форми на работа, кои на ученикот му овозможуваат активно да учествува во наставата.

Во текот на наставата ќе се користат повеќе форми на работа: индивидуална работа, работа во парови, работа во групи. Наставникот ќе го планира користењето на формите и на методите при подготовката на наставниот час и истите ќе ги реализира преку конкретни активности за време на самиот час. Наставникот треба да ја усогласи примената на наставните форми и методи со материјално-техничките и просторните услови во училиштето, како и со возраста, предзнаењето и интересот на учениците.

Во текот на наставата, наставникот треба да ги преземе следните активности: објаснува, демонстрира, дава инструкции, дискутира, поставува задачи, ги вреднува задачите, презентира, води забелешки, организира проекти, изведува практична работа и активности со учениците, ги вреднува постигањата на учениците.

Во текот на наставата, ученикот треба да ги преземе следните активности: слуша, набљудува, вежба, демонстрира, проверува, применува, истражува, учи во парови и во групи, учи самостојно, користи различни нагледни средства и извори на информации, посетува различни објекти на терен.

### 4.3. Организација и реализација на наставата

Воспитно-образовната работа по наставниот предмет ***алтернативни форми во туризмот*** како изборен предмет се реализира преку стручно-теоретска настава во кабинет-училница, соодветно опремена и преку теренска настава. Образовните активности се организирани во две полугодија, преку неделен распоред на часовите. Бројот на часови кој е даден за одделни наставни целини во точката 4.1. и опфаќа часови за обработка на нови наставни содржини, вежби, повторување, утврдување на знаењето, правење проекти на дадени теми, организирање работилници и др. При реализацијата на наставата за овој предмет потребно е да се посетат некои соодветни организации или институции кои ги планираат и ги реализираат алтернативните форми во туризмот, преку теренска настава, настава во природа или наставни екскурзии. Сето ова е потребно за задоволување на ученичките интереси и потреби, оспособување на учениците за самостојно размислување и заклучување, како и за донесување сопствени решенија. Поради корелацијата на содржините од наставниот предмет со други наставни предмети, потребно е тимска работа на наставникот по предметот алтернативни форми во туризмот со наставниците кои реализираат други наставни предмети.

### 4.4. Наставни средства и помагала

За остварување на целите на наставата потребно е да се обезбедат соодветни просторни и материјално-технички услови: кабинет, компјутер, Интернет, графоскоп, ТВ, слики, цртежи, проспекти, географски-тематски карти за Република Македонија, збирка на разни фактографски податоци за алтернативни форми во туризмот во Република Македонија и во светот, стручни списанија и други наставни средства.

За успешно совладување на целите на наставниот предмет потребно е да се користи соодветна литература: учебници и учебни помагала, лексикони и енциклопедии, наставни материјали што се подготвени од страна на наставникот, универзитетски учебници, стручни списанија и брошури, интернет-информации и слично.

## 5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Оценувањето на постигањата на учениците се врши преку следење и вреднување на знаењата и вештините континуирано во текот на целата учебна година, усно и писмено преку тестови на знаења, вежби или други форми како изготвување писмени извештаи, концепти и проекти, кои се користат по обработката на секоја наставна целина. Секој ученик во текот на едно полугодие добива најмалку две оценки. Доколку ученикот не ја совлада наставната програма по предметот, се постапува според законската регулатива.

## 6. КАДРОВСКИ И МАТЕРИЈАЛНИ ПРЕДУСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

### 6.1. Основни карактеристики на наставниците

Наставникот по наставниот предмет ***алтернативни форми во туризмот*** треба да ги поседува следните персонални, професионални и педагошки карактеристики: да е психофизички здрав, да го користи и да го применува литературниот јазик и писмо на кои се изведува наставата, да е комуникативен и отворен, да е подготвен за соработка, да има соодветно образование, да ја сака педагошката работа, да е креативен и добар организатор, да ја почитува личноста на ученикот, да е подготвен за примена на иновации во воспитно-образовниот процес, да применува современи образовни техники и технологии, да е добар предавач и организатор на наставата.

### 6.2. Стандард за наставен кадар

Наставата по предметот ***алтернативни форми во туризмот*** ја реализираат кадри со завршени студии по:

***- угостителство и туризам***

со здобиена педагошко-психолошка и методска подготовка во акредитирани установи.

### 6.3. Стандард за простор

Наставата по наставниот предмет ***алтернативни форми во туризмот*** се реализира во кабинет-училница опремена со материјално-технички и дидактички средства, согласно со Нормативите за простор и наставни средства.

## 7. ДАТУМ НА ИЗРАБОТКА И НОСИТЕЛИ НА ИЗРАБОТКАТА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

### 7.1. Датум на изработка: маj 2015 година

### 7.2. Состав на работната група:

1. м-р Чедомир Димовски, раководител, советник во Центар за стручно образование и обука - Скопје
2. д-р Дејан Методијески, член, професор на Факултет за туризам и бизнис логистика - Штип
3. Ристо Мегленов, член, наставник, СУГ „Лазар Танев“ - Скопје
4. Тања Јовановска, член, туристичка агенција „Фалкон травел“ - Скопје

## 8. ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

***Датум на започнување:*** *1.9.2015 година*

Одобрил:

Ajshe Selmani, директор

**9. ПОТПИС И ДАТУМ НА ДОНЕСУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА**

Наставната програма по ***алтернативни форми во туризмот*** за ***IV година*** како изборен предмет од угостителско-туристичка струка – образовен профил угостителски техничар за рурален туризам за учениците во стручното образование, изготвена од Центарот за стручно образование и обука, на предлог на Бирото за развој на образованието, ја донесе

Министер,

на ден, 27.07.2015 година, бр. 12-13031/1
Скопје

M-r Abdilaqim Ademi